Младите Можат

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2020г.

youthcan.org.mk.

ИМПРЕСУМ

Издавач

Здружение на граѓани Младите можат

За издавачот

Анита Николовска – Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

Автори

Анита Николовска
Дијана Мицевска
Софија Стојановска
Никица Манџуковски

Дизајн

Незир Ќеримоски

СОДРЖИНА

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВО 3
ЗА МЛАДИТЕ МОЖАТ 4
ГОДИШНА СТАТИСТИКА 5
ПРОЕКТИ
SOLIDARITY ACTION DAY 6
ЧЕКОР КОН КАРИЕРА ОД ТВОИТЕ СОНИШТА 6
ЧАС ЗА ЧАС 7
МЛАДИНСКИ ЛОКАЛНИ БАНКИ 7
ЗАПОЗНАЈ ГО УКИМ 7
МОБИЛНОСТИ ЗА МЛАДИ
ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС 9
ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТИ 9
МЛАДИНСКИ ТРЕНИНГ " PROCESS OF CHANGE " 9
АКТИВНОСТИ ОД АКТИВНО ЧЛЕНСТВО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ
АКТИВНО ЧЛЕНСТВО 11
СЕНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА 11
ЈУНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ И АКТИВИЗАМ 12
ЈУНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ 12
ЈУНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ 13
ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА 14
КАМПАЊИ 14
ОРГАНИЗАЦИЈА И ПЕРСОНАЛ 15
МЛАДИТЕ МОЖАТ ВО МРЕЖИ
МРЕЖИ 17
ЛИСТА НА АКТИВНИ ЧЛЕНОВИ НА МЛАДИТЕ МОЖАТ ЗА 2020 ГОДИНА
АКТИВНИ ЧЛЕНОВИ 18
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
ВКУПНИ ПРИХОДИ 20
ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТИ 21
ЛИСТА НА РАСХОДИ 22

Порака од раководство

Драги партнери, соработници, пријатели, млади...

Дозволете ми накратко да ја претставам 2020г., необична приказна во која новото секојдневие исполнето со предизвици не не спречи да придонесеме кон активни, независни, способни и решителни млади. Зошто 2020 беше исклучителна година за сите млади и колку ние придонесовме кон млади кои успешно влијаат врз општествените случувања и поттикнуваат успешни промени?

Глобална пандемија, социјална изолација, откажани активности, одложени проекти. 51 активен член, активистичка кампања за самоодржливост, 2 дигитални платформи, 6 едукативни програми, над 300 вклучени млади и партнери преку кои докажавме дека МЛАДИТЕ МОЖАТ!

Пандемијата предизвикана од Ковид-19 вирусот несомнено го имаше најголемото влијание токму врз младите. Меѓутоа, истата ни покажа дека младите сакаат, знаат и можат да бидат поттикнувачи на позитивни промени, да бидат активни, солидарни и општествено одговорни. 2020 година не натера да размислуваме поинаку. Токму затоа 2020 беше година на нови концепти, а платформата zoom нашето ново место за личен развој и младински активизам. Почетокот на пандемијата не поттикна да го воведеме концептот на Временски банки во нашата држава. Дигиталната платформа www.chaszachas.mk беше едно од 16те креативни решенија за справување со последиците од кризата, поддржани преку јавниот повик Креатон, од страна на Фондот за иновации и технолошки развој. Во ерата на дигитални платформи, беше пуштена во употреба и www.karierenpat.mk која им овозможува на младите да се поврзат со пазарот на трудот, да пронајдат можности за пракса, работа и да го искусат концептот на job shadowing.

Оваа година со нашите партнери Schuler Helfen Leben ја лансиравме првата кампања "Купи и биди активен" преку која поттикнуваме активизам кај младите преку продажба на печатени материјали, а истовремено придонесуваме во фонд за поддршка на младински иницијативи. Дополнително, започнавме процес на основање на три младински банки за првпат во нашата држава, во три локални општини: Карпош, Аеродром и Ѓорче Петров.

Нашите активни членови во текот на целата година успешно придонесуваа кон нивниот кариерен развој, промоција на здрави навики за негување на менталното здравје и поттикнување на општествена одговорност и активизам преку едукативните програми во рамки на членството на Младите можат. И покрај неможноста за патување надвор од границите, поттикнавме и нови интернационални искуства. Младите можат е најновата кандидат членка на европското семејство Solidarity action day movement in Europe. Во идниот период веруваме дека со поддршка на нашите партнери од оваа мрежа ќе успееме да го реализираме првиот Социјален ден во Северна Македонија и да им овозможиме на сите средношколци уникатно искуство во поминување на еден училиштен ден на работно место кое отсекогаш го посакувале.

Се надевам дека овој краток осврт на 2020 година ве поттикна да ги погледнете страниците кои следуваат и одблизу да ги видите моментите кои ја одбележаа промената изминатата година, но и да се инспирирате токму вие да бидете промената во деновите кои следуваат.

За крај, би сакала да се заблагодарам на сите соработници, партнери, пријатели, членови кои беа дел од приказната наречена Младите можат.

Со почит,
Анита Николовска
Извршен директор на ЗГ Младите можат

За Младите можат

Младите можат е непрофитна и независна граѓанска организација која има за цел да ги поттикне младите да земат активно учество во развојот на демократско општество, преку активно граѓанство и социјален активизам.
Организацијата е основана од страна на младите луѓе, водена од идејата за моќта на младите како катализатори на промени во денешното општество.

Визија

Младите луѓе да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам, како моќни алатки за општествена промена, да одговорат на своите потреби во заедницата

Мисија

Да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека можат самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

Стратешки приоритети на Младите можат во 2020г.

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1 – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА СТРАТЕШКИ

ПРИОРИТЕТ 2 – ПОТТИКНУВАЊЕ И ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ КАЈ МЛАДИТЕ

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3 - ЗГОЛЕМЕНА ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4 – СИСТЕМАТИЗИРАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5 – ПРИДОНЕС КОН И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Годишна статистика

АКТИВНИ ЧЛЕНОВИ

51

СПРОВЕДЕНИ ПРОЕКТИ

5

ЈАВНИ НАСТАНИ

5

НОВИ ДИГИТАЛНИ ПЛАТФОРМИ

2

Проект: Solidarity action day

Активно граѓанство, солидарност, волонтирање, кариерен развој, општествена одговорност, младински фонд, поддршка, соработка, одржливост. Уникатен концепт, добро познат на глобално ниво, моќна алатка за солидарност и општествена одговорност, кој ги обединува сите млади со една цел. Ден кога младите стекнуваат искуство за работата којашто отсекогаш ја посакувале, истовремено ангажирајќи се во заедницата за овозможување на подобра положба на младите во земјата.
Денот на активизам и солидарност како концепт е моќна и влијателна алатка за инспирирање на активно граѓанство, развој предводен од младите и глобална солидарност што ќе се спроведе на национално ниво во Северна Македонија за прв пат.

Во декември 2020г. Младите можат ја лансираше својата прва кампања за продажба на активистички материјали "Купи и биди активен". Беа пуштени во продажба дизајнирани материјали кои имаат за цел да поттикнат активистички дух кај младите и да креираат фонд за поддршка на младински иницијативи. Овој фонд ќе им овозможи на младите да си го кажат тоа што го мислат, но и да иницираат промени за истото, односно да преземат акција.

Потребни се млади коишто размислуваат глобално, но делуваат локално, млади со развиено чувство за солидарност, млади кои го инвестираат своето време за подобрување на состојбите во својата заедница, млади кои веруваат во одржлив свет!Токму ова беа главните заклучоци од панел дискусијата „Кажи! Верувај! Активирај се", посветена на одбележување на Меѓународниот ден на волонтерството. Истата се одржа денес, 5ти декември 2020 г. преку стрим во живо од просториите на Млади хаб. Целта на овој настан беше да се поттикне дискусија за волонтирањето во нашата држава, одржливоста на програмите за млади волонтери и начинот на кој тие можат да се вклучат. Дополнително, на настанот беше презентиран новиот merchandise на Младите можат, печатена колекција која има за цел да ги поттикне младите да бидат активни и преку неговото купување да допринесат во финансирањето на волонтерските иницијативи.

Проектот "Solidarity action day!" е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а поддржан од најголемата германска фондација за млади Schuler Helfen Leben.

Проект: Чекор кон кариера од соништата

Во периодот од 1ви септември 2019 до 31ви октомври 2020 година се имплементираше проектот "Чекор кон кариерата од твоите соништа" Целта на проектот беше да се зголеми вработливоста кај младите, поточно меѓу студенти, средношколци и млади кои не се во ников процес на образование, обука или вработување, прво преку лансирање веб-платформа што овозможува и го доведува на локално ниво концептот на job shadowing а потоа и преку обезбедување бесплатна програма за кариерно насочување и тренинзи за стекнување потребни вештини. За студентите пак, заедно со партнер организацијата ИАЕСТЕ Македонија, беа организирани три Company Shuttle активности.

Процесот за креирање на веб-платформата траеше од декември до февруари. Успеавме целосно да развиеме веб-платформа со капацитет од 10.000 корисници и неограничен капацитет на мејлинг-листа за job shadowing и пракса. (http://karierenpat.mk/) Во декември започнавме со имплементација на Company Shuttle, во партнерство со Џонсон Мети, 20 студенти од техничките факултети имаа можност да ја запознаат компанијата и да работат на предизвик во тимови водени од ментори.Во јануари започнавме со подготовки за активноста "Leave the shadow". Февруари беше резервиран за модули за кариерно насочување. Преку нив учесниците ги открија нивните јаки и слаби страни и ги поврзаа со нивните вештини и интереси. Во март, истите 20 учесници, поминаа низ 3 модули за развој на вештини што ќе ги направат повеќе вработливи. На крајот од програмата, сите учесници на програмата креираа личен план за кариера.Вториот Company Shuttle беше организиран во соработка со Gordian Systems и Happiness Mk. Посетата на компаниите се случи на 26 февруари кога беше презентиран предизвикот. Поради Ковид, тимовите ги презентираа решенијата на онлајн сесија на 25 март преку платформата Зум.Од 21-28 септември го организиравме последниот Company Shuttle во партнерство со Nebula Cloud Solutions. Целата активност беше спроведена on-line на платформата ЗООМ.Во септември беше креирана стратегија за маркетинг, која во октомври беше проследена со создавање на 6 промотивни видеа.На 5-ти ноември организиравме on-line завршен настан за промоција на веб-платформата. На јавната дискусија, гостите ја искажаа својата експертиза и искуство на тема насоки за кариера, документи за јавна политика за вработување на млади и важноста на job shadowing.

Co-financed by the European Union

Проектот Чекор кон кариера од соништата е имплементиран од Здружение на граѓани Младите Можат, финансиран од Beogradska Otvorena Skola а поддржан од Европската Унија.

Проект: Час за час



Час за час

"Временска банка" или "Time banking" како концепт е начин на трошење на еден час време за да му помогнете на некој друг преку вештините што вие ги поседувате и на тој начин да си овозможите себеси да заработите кредит од еден час за возврат за услуга што вас ќе ви биде потребна и можете да ја добиете од еден час од нечие време. Клучен принцип што ја поддржува вредноста на Временската банка е препознавање и уважување на потенцијалот на секоја индивидуа или група да понуди одредени знаења или вештини и да го инвестира своето време во развојот на заедницата.

Временските банки во денешни услови, во значителен размер не би биле можни без дигитализација, поточно платформа која ги прибира сите информации за часовите што секој член на банката има потреба или може да ги обезбеди. Токму затоа, Младите можат во мај 2020г. ја лансираше дигиталната платформа chaszachas.mk која е бесплатна и достапна за сите и која ги следи часовите што членовите на банката ги заработуваат и трошат.

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Проектот е подржан од Фондот за иновација и техонолошки развој (ФИТР) како дел од КРЕАТОНОТ наменет за идеи кои имаат за цел да ги олеснат условите за време на пандемијата настаната од Ковид-19. Истиот е имплементиран од Здружението на граѓани Младите можат.

Проект: Младински локални банки

Младински банки се фондови предводени од младите кои обезбедуваат средства за поддршка на проекти напишани од млади луѓе кои се фокусираат на решавање на одреден проблем во локалната заедница. Преку банки за млади, младите се чувствуваат исполнето - ги реализираат своите идеи и потенцијал, ја подобруваат средината во која живеат. Покрај тоа, младинските банки ќе им помогнат на младите да развијат чувство на припадност кон заедницата во која живеат - тие се оние што преку свои иницијативи организираат паркови во нивните општини, градат игралишта, поставуваат клупи, садат дрвја, организираат обуки за претприемништво, спорт настани, улични фестивали и разни помали и поголеми настани. Младите одлучуваат какви активности да поддржат, тие управуваат со моделот, а младите имаат корист од спроведените проекти. Преку моделот на младински банки, се дели одговорноста и отчетноста, се донесува одлуки за распределување на ресурсите рацете на младите кои делуваат филантропски, премостуваат поделби, преземаат лидерски улоги и на тој начин го поттикнуваат нивниот претприемачки дух.

Младински локални банки

Од септември 2020г. Младите можат за прв пат го носи моделот на Младински банки и во Република Северна Македонија. Во текот на 2021г. ќе бидат отворени три младински банки во 3 општини на територијата на град Скопје.

Проектот "Младински локални банки" е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а поддржан од Американската амбасада во Република Северна Македонија

U.S. Embassy Skopje

Проект: Запознај го УКИМ

Концептот на Запознај го УКИМ се покажа како многу корисен преку неговата примарна цел, а тоа е информирање на средношколците и полесно донесување на одлука и избор на студии по средното образование. Оваа година, согласно ситуацијата произлезена од пандемијата со Ковид-19, за жал настанот не можеше да се одржи во физички простор.

Од овие причини, овогодинешното издание на Запознај го УКИМ беше прилагодено на новата нормала. Имено, претставувањето на студиските програми се направи објавувајќи мултимедијални содржини во форма на 10 минутни репортажи за секој факултет засебно. Целта беше да се застапуваат факултети од различни науки и професии, како општествени, природни, уметнички. Во текот на целиот процес, беа опфатени три факултети: „Филозофски факултет-Скопје" (https://www.youtube.com/watch?v=_b0siOX10Js), „Факултет за драмски уметности-Скопје" (https://www.youtube.com/watch?v=obDolTGeYZQ) и „Филолошки факултет-Блаже Конески"(https://www.youtube.com/watch?v=10Y9J8I1xW) .Самите репортажи беа снимени во просториите на секој од вклучените факултети, со цел на средношколците од блиску да им биде доловена атмосферата при студирањето. Во видеата, студенти кои што студираат на факултетите споделија директни искуства, а исто така беа споделени и успешни приказни од студенти кои веќе ги завршиле своите студии и успешно се вработени по својата професија. Притоа, свое учество во видеата имаа и професори и претставници на стручните служби кои директно и објективно успеаа да го пренесат искуството од својата професија, знаењето кое се стекнува и соодветната идна професијата на средношколците.

Сите видеа се поставија на Јутјуб каналот на Младите можат, социјалните мрежи, и беа дисеминирани преку меилинг листите до средношколци од 3та и 4та година. Мултимедијалните содржини на Запознај го УКИМ успеаа да опфатат околу 3000 идни студенти.

Проектот Запознај го УКИМ е имплементиран од Здружение на граѓани Младите Можат со поддршка од Град Скопје.

МОБИЛНОСТИ ЗА МЛАДИ

Проекти од Еразмус + програма

К105 - Како да: хоби до бизнис

Општата цел на овој проект е да ги мотивира младите од 5 различни земји да го пронајдат своето поле на интерес и акција и да создадат своја иднина со тоа што ќе бидат решени и способни да ги постигнат своите цели и соништа на лично и професионално ниво развивајќи ја кариерата што ја сакаат да имаат во текот на нивните хоби и интереси.

Специфичните цели на проектот се:
- 30 млади луѓе ќе се здобијат со менаџмент на меки вештини потребни за отворање на почетна компанија, свесни за предностите на претприемништвото и мотивирани да го применат тоа во пракса.
- 30 млади луѓе ќе станат свесни за самовработувањето како опција за кариера преку промовирање на развој на лични квалитети што се релевантни за претприемништвото
.- Подигнување на духот на претприемништво кај младите на европско ниво со креирање на 30 основни деловни планови и буџети за започнување бизнис од сите 30 учесници.

Проектот ќе биде имплементиран во 2021 година.

К3 - Mental Health Matters

Целите кои е планирано да се постигнат со имплементација на проектот се:
:- Подигната свест и кршење на табуата за менталното здравје и психолошките состојби.
- Подигната свест за важноста на образовниот систем во развојот на младите кои се дел од него.
- Добивање подлабоко знаење за важноста на сопственото ментално здравје меѓу целните групи на проектот.
- Развивање на култура на инклузивна меѓусебна соработка помеѓу сите засегнати страни.
- Сите категории учесници ќе добијат информации за менталното здравје и неговата важност
- Младите ќе бидат информирани за можностите од програмата Еразмус +, локалните програми од локалните организации и начини тие да станат активни членови на општеството.есници.

Проектот ќе биде имлементиран заедно со партнер организацијата Y-peer во 2021 година

Младински тренинг "Process of change"

Во периодот од 30.01.2010 до 08.02.2020 беше реализиран Еразмус+ проект на кој учествуваа Елена, Ана и Иван заедно со уште други 21 млади луѓе од 8 различни земји. Тренингот на тема „ Process of changes" , оддржан во Јавор, Полска претставуваше вистински предизвик и авантура за тројца млади претставници од Македонија. Секој ден беше различна можност за сите млади да научат нешто повеќе за себе, за тимот и за луѓето од нивното опкружување. Тие покрај тоа што запознаа нови луѓе, се стекнаа и со мошне корисни техники за решавање конфликт, ефикасно решавање на проблем во тимот и откривање на нивните позитивни и негативни карактеристики.

Што им овозможи тренингот на нашите учесници?

"Овој тренинг овозможи знаења поврзани со тоа како да даваме и примаме конструктивна критика, какви алатки треба да се користат во еден тим за да се има хармонија и продуктивност, како да ги препознаеме различните видови на личности со кои работиме и каков треба да ни е пристапот со нив, но сево ова имавме можност да го стекнеме како знаење не само преку активностите, туку и општо преку секој момент поминат заедно, бидејќи се она што го правевме во текот на активностите продолжуваше и за време на паузите. За време на целиот тренинг се чувствуваше сигурноста во групата, секој споделуваше секакви искуства, знаења и не знаења и сите учеа од сите, без разлика на годините, едноставно никој не дозволи тоа да биде пречка. Самата организација и целиот концепт беше одличен, а особено моментот дека секоја вечер имавме посебни групи во кои споделувавме што ни се допаѓало дента, а што не, додаваше на вредноста на целиот проект, а со тоа и на самата тема – Process of change" изјавија нашите Елена, Ана и Иван.

АКТИВНОСТИ ОД АКТИВНОТО ЧЛЕНСТВО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ



Активно членство

Младите можат цели кон развивање на потенцијалот кај младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои самостојно или здружено влијаат и учествуваат во позитивните промени и развојот во општеството. Како здружение кое основата на својата работа ја темели на активности од млади за млади, важно е младите кои се дел од нашата организација да го искусат истото, но при тоа да знаат дека стекнуваат вештини, искуства и знаења како членови во ММ.

Во 2020 година, за прв пат се започна коцепт на членството каде што членовите се поделени на јуниори и сениори, односно нови членови кои се помалку искусни и прв пат се среќаваат со активностите на организацијата и членови кои се искусни волонтери и активисти кои подолго време се активни во Младите можат. За секој од нив да има можност да се надогради и истакне во областа која најмногу го интересира, во јуниорската програма дополнително се структуираа 3 едукативни програми за членство во кои младите имаа можност да се приклучат на еден од двата јавни повика во јануари и септември.

Иако при самиот почеток на програмите бевме затекнати со пандемијата од КОВИД-19, не бевме спречени да им помогнеме на нашите членови да си ги постават своите лични цели, да се себезапознаат, да размислуваат критички, да градат лични ставови, да си направат себеевалуација и рефлексија. Накратко кажано, самите тие со наша мала помош да растат и да се развиваат на личен план.

СЕНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА

Категоријата Сениори во рамки на членството на Младите можат ги вклучува сите млади кои биле најмалку 6 месеци членови во организацијата во рамки на претходните 12 месеци, во текот на 2020 година имавме вкупно 10 членови кои ги исполнуваа условите и имаа желба да се активираат во програмата.

Членови сениори беа млади кои пртеодно учествувале во активностите на ММ за кариерно насочување, за волонтирање и активизам, но и членовите - врснички едукатори за ментално здравје. Во склоп на истата се реализираа повеќе активности базирани на претходно подготвен план прилагоден на потребите и аспирациите на членовите во истата.

Активности кои се реализираа:

Работилница за подготовка, организација и спроведување на тренинг за млади;
Онлајн работилница за подготовка на онлајн едукација и мобилизирање на учесници;
Онлајн работилница за подготовка на план за комуникација на социјални мрежи;
Подготовка и спроведување на 3 онлајн кампањи за млади;Онлајн работилница за подготовка на онлајн работилници за млади;
Реализирани 2 циклуса на онлајн работилници за ментално здравје;
Обука за спроведување на онлајн работилници и менторски средби со млади;
Работилница за работни навики и работна етика;
Работилница за деловна комуникација;
Работилница за финансиска писменост.



ЈУНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ И АКТИВИЗАМ

Дел од јуниорската програма за волонтирање и активизам се младите кои имаат мотивација да креираат позитивни промени во општеството, да го промовираат младинскиот активизам и волонтерството како главна алатка за личен и професионален развој, да ги развијат своите вештини и да ги оствaарт своите капацитети за лидерство во заедницата. Во текот на 2020 година имавме вкупно 11 членови кои беа дел од иницијативата "Mind full of ideas", насочена кон адресирање на проблемите во средното образование. По поминување на обуката за волонтирање, активизам и подготовка на иницијатива, иако затекнати за време на пандемија, тие успеаа да се организираат и да реализираат онлајн кампања која имаше за цел да ги поттикне младите да зборуваат за тоа што им пречи во образованието. Креираа онлајн прашалник на инстаграм каде што младите ги споделија своите проблеми со училиштето, наставниците, институцијата, материјалот кој го учат, моделот на образование кој што се следи и сл. Потоа следеа постови, кои тие самите ги подготвија, со совети за учење и надминување на секојдневните и најчесто споменатите проблеми од прашалникот.

Младите активни во оваа програма беа вклучувани и во останатите активности на Младите можат кои имаа потреба од дополнителен волонтерски ангажман.

ЈУНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ

Преку едукативната програма за промоција на менталното здравје, на членовите кои беа дел од истата им се понуди платформа за личен развој, себеспознавање, себереализација и станување на најдобрата верзија од себеси. На тој начин тие имаа можност да станат способни и решителни млади луѓе кои се справуваат со секојдневните предизвици со кои животот ги напаѓа, да се развијат во агенти на позитивни промени, односно да станат вршнички едукатори кои гласно зборуваат за важноста на негувањето на нашето ментално здравје. 13те членови кои беа дел од оваа програма учествуваа на 2 месечна онлајн обука за вршничка едукација и личен раст и развој. По завршување на обуката следуваше практичниот дел при кој најпрво заедно со сениорите вршнички едукатори за ментално здравје детално ги поминаа работилниците согласно прирачникот за вршничка едукација за ментално здравје и увидоа на кој начин истите може да се прилагодат за да се спроведат онлајн. По завршување на целиот процес, со помош на нивните ментори и сениорите вршнички едукатори, спорведоа циклус на работилници за ментално здравје за учениците од средното училиште „Здравко Цветковски".

ЈУНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

Со 21 член од програмата за кариерен развој, во текот на 2020 година работевме на тоа да го развиеме разбирањето на нивните потреби, интереси, вредности, таленти и претензии во поглед на образование, вештини, вработливост и работа. Креиравме лични кариерни планови при што успеавме да развиеме поголема свест кај членовите за себеси и визија за понатамошната кариера и кариерен пат. Тие поминаа сет од работилници за кариерно насочување заедно со нашите соработници и експерти - кариерни советници за млади, но покрај тоа дополнително се организираа и работилници за подготовка на резиме и развој на вештини за вработување.

Односи со јавноста

Во текот на 2020 година Младите можат комуникацијата со јавноста ја прилагоди според комуникациската стратегија која се подготви минатата година но, набрзо истата беше заменета со нов план за комуникација прилагоден според потребите кои произлегоа од новонастанатата ситуација со пандемијата од Ковид-19. Фокусот при надворешната комуникација во 2020 година беа социјалните мрежи, поточно фан страната на Фејсбук и фан страната на Инстаграм, покрај тоа се продолжи со меил комуникација која беше надоградена со платформа за е-меил автоматизација, Constant contact. Додека, за внатрешна комуникација, односно комуникацијата на членовите и извршната канцеларија, на почетокот се користеше платформата Slack која подоцна се покажа за непрактична и се замени со е-меил, месенџер и комуникација преку фејсбук групи.

Без разлика на интензитетот на активности, се правеа напори да има објави релевантни за младите во текот на целата година што не доведе до следните бројки::



Кампањи

Во текот на 2020 година соодветно потребите на организацијата и потребите произлезени од пандемијата со Ковид-19, Младите можат спроведе неколку онлајн кампањи. Од тие повеќето беа мали, но 2 се истакнуваа – кампањата за одговор на потребите на младите од ново настанатата ситуација со Ковид-19 „#МаратонЗаМенталноЗдравј" и кампањата за промоција на производите за продажба на Младите можат и колекцијата „Кажи си!".

#МаратонЗаМенталноЗдравје како кампања почна да се спроведува кога се прголаси пандемијата, почнувајќи од април, и продолжи во текот на летото, односно до месец јули. Истата се состоеше од информативни објави за грижа за менталното здравје, работилници за личен менаџмент и онлајн разговори со психолог. Во текот на целиот период од спроведувањето, во кампањата се активираа повеќе од 200 млади, меѓу кои најголем дел од нив учествуваа директно на работилниците или на онлајн разговорите со психолог.

Кампањата „Кажи си!", која имаше за цел да го промовира merchandise-от на Младите можат се состоеше од фотосесија со волонтери и членови на Младите можат, која потоа беше постепено објавувана на инстаграм и фејсбук профилот. Покрај тоа во склоп на кампањата се организираше и настан за 5 декември – Денот на волонтерството со цел да се покаже суштината на производите и каде оди профитот од производите што ќе се продадат.

Организација и персонал

Извршна канцеларија

Анита Николовска
Извршен директор

Софија Стојановска
Координатор за членство и ПР

Дијана Мицевска
Координатор за вмрежување
и логистика

Никица Манџуковски
Асистент за младински
активизам и волонтерство

Управен одбор

Илија Станковски
Претседател на Управен одбор

Иван Јованов

Маријана Јанческа

Никола Јовановски

Марија Стефанова

ЧЛЕНОВИ

МЛАДИТЕ МОЖАТ ВО МРЕЖИ

Национален младински совет на Македонија

Во Националниот младински совет на Македонија каде Младите можат е една од основачките-членки на мрежата, Младите можат беше дел од сите активности кои Националниот младински совет на Македонија ги спроведе. Меѓу членовите на Управниот одбор на советот е и Извршниот директор на Младите можат, Анита Николовска.

Сојуз за младинска работа

Младите можат беа присутни и ја поддржуваа мрежата во текот на реализацијата на проектните активности имплементирани во 2020 година.

Мрежа за спречување одлив на мозоци

Мрежата за спречување на одливот на мозоци е неформална мрежа составена од 7 граѓански организации кои работат на различни полиња поврзани со развојот на младите, младинските политики и права, како и младинското информирање. Целта на мрежата е да ја подигне свеста кај институциите и граѓаните за заминувањето на младите од земјата, како и да предлага мерки и решенија за спречување на овој феномен. Претставници на Младите Можат учествуваа во креирањето на стратешкиот план на мрежата за наредните пет години.

SAME

Solidarity Action Day Movement in Europe е движење кое вклучува 10 европски и балкански организации кои спроведуваат Ден на солидарноста. На овој ден, средношколците наместо да одат во училиште работат во компании и дневницата ја донираат за поддржување на младински проекти. Од 2020 година и Младите Можат е дел од оваа мрежа како кандидат членка

Y-peer

Пред почетокот на пандемијата учествуваме на состанок за развивање на идеи за активности во мрежата поврзани со Глобалните цели за одржлив развој (SDGs), со насока на целите во фокус во 2020 година. Исто така учествуваме и на неколку настани што тие ги организираа или подржуваа како претставници на ММ и дел од мрежата.
Во склоп на проектот каде што бевме партнери - „Младински одговор на Ковид 19“, спроведена е обука за планирање и реализирање на онлајн едукации и менторирање. Обуката ја следеа сениорите врснички едукатори. Последователно на тоа, се отвори јавен повик за работилница за ментално здравје каде учествуваа десетина пријавени млади на отворен повик. Дополнително, сениорите врснички едукатори со знаењето од обуката продолжија да ги менторираат и да работат заедно со јуниорите членови од ментално здравје.

Листа на активни членови на Младите можат во 2020 година:

Сениори

Лука Шаровиќ
Хенрик Травник
Павле Петровски
Ева Чолакова
Изабела Станоевска
Леонтина Пауновска
Никица Манџуковски
Сања Јончевска
Филип Наумовски
Елена Киранџиска

Јуниори

Андреа Блажевска
Елеонора Брајковска
Анастасија Зиндл
Ева Николовска
Светлана Стојановска
Тамара Блажевска
Ања Тодоровска
Ведран Димов
Елена Божиновска
Мартина Дуранска
Викторија Фернандес
Ивана Динева
Ангела Трајкова
Теодора Тодорова
Марија Ристевска
Давид Јовковски
Софија Ал-Асади
Лила Мирчевска
Анамарија Јанков
Ева Карамановска
Мила Калкашлиев
Ема Ангеловска
Михаела Стевковска
Марија Трајковска
Христо Чолаков
Бојана Даневска
Анастасија Бојкикева
Ана Илиева
Елена Цветановска
Андреј Чочоски
Милијана Богданоска
Јана Иванова
Маја Додева
Бобан Бошковски
Бојана Тренчевска
Николина Бошкова
Драган Бошков
Магдалена Тасевска
Матеа Шошкиќ
Сташа Петровиќ
Ева Ангеловскака

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ЛИСТА НА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

ВКУПНИ ПРИХОДИ

Вид на приход	Износ (мкд)
Приходи од услуги	145,051.00
Приходи од камати и позитивни курсни разлики	27.00
Приходи од членарини, подароци, донации и други извори	4,406,283.00
Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	159,421.00
ВКУПНО	4,710,782.00

ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТИ

Донатор	Износ (мкд)	Основ
Schuler Helfen Leben	1,232,599.57	Проект „Solidarity action day“
Фондација БОШ Србија	241,836.04	Проект: “Чекор кон кариера од соништата”
Фонд за иновации и технолошки развој	616,425.43	Проект: “Час за час”
Американска амбасада во Република Северна Македонија	863,177.38	Проект: “Младински локални банки”
Национална агенција за европски програми и мобилност	323,782.00	Проект: “Mental Health Matters”
Национална агенција за европски програми и мобилност	659,704.00	Проект: “Hobbiez: How to Hobby to Business”
Град Скопје	70,000.00	Проект: “Кариерен пат: Направи го привиот чекор (Запознај го УКИМ)”

ЛИСТА НА РАСХОДИ

Вид на расход	Износ (мкд)
Потрошени материјали	72,850.00
Потрошена енергија	20,774.00
Други услуги	206,724.00
Превозни и транспортни услуги	0,000.00
Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	42,099.00
Членарини	3,250.00
Наемнини	120,695.00
Други материјални расходи	0,000.00
Провизии за платен промет	23,977.00
Негативни курсни разлики	18,078.00
Плати и надомести за плати	891,217.00
Други расходи	1,164,206.00
Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	15,798.00
ВКУПНО	2,579,668.00

Финансискиот извештај е изработен за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020.